Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 65, 1 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА


**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научна област гастрономија на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област хемија на текстилот на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник од наставно-научната област македонистика на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно - научното поле/област – клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно - научното поле/област – фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Истражно дупчење" од авторот проф. д-р Орце Спасовски, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Макро и микро аспектите на трошоците во здравствениот сектор" (скрипта) од авторот доц. д-р Александар Костадиновски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство", од авторот доц. д-р Круме Николоски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по анатомија со физиологија на домашните животни" од д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 48

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по основи на сточарското производство" од д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на учебникот „Механика на карпи" од проф. д-р Зоран Панов, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ... 50



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ/ОБЛАСТ ФУНДАМЕНТАЛНИ МЕДИЦИНСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ„ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип донесе Одлука бр. 2502-87/3 за распишување на Конкурс за избор на ***асистент*** за наставно-научното поле/област ***фундаментални медицински науки*** на Факултетот за медицински науки во Штип. На 31.8.2011 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-90/4 и решенија бр. 2502-90/8 (претседател), 2502-90/9 (член) и 2502-90/10 (член) за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент за наставно-научното поле/област *фундаментални медицински науки* на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

- д-р Ѓорги Шуманов, вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев";
- д-р Никола Камчев, вонреден професор, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член;
- д-р Никола Силјановски, редовен професор, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, претседател.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм", на 18.8.2011 година.

Врз основа на пријавата и доставената документација и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот објавен на 18.8.2011 година за избор на асистент за наставно-научното поле/област фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки се пријавил еден кандидат.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р д-р Александар Серафимов** е роден на 1 март 1983 год. во Кочани, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во Кочани (гимназија „Љупчо Сантов", насока Општа гимназија, 1997-2001 год.) со одличен успех. На Медицинскиот факултет при Медицински универзитет во Софија, Р. Бугарија, се запишува во учебната 2001/2002 год. и дипломира на 14 ноември 2007 год. со просечен успех 8,5. По дипломирањето работи како лекар во Службата за итна медицинска помош и Службата за вакцинации при Здравствен дом - Кочани. Во учебната 2008/2009 год. се запишува на постдипломски студии на Факултетот за јавно здравје при Медицинскиот универзитет во Софија, Р. Бугарија (испитите ги положува со просечен успех од 9,6). На 2 февруари 2010 год. успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов *„Современи модели за финансирање на здравството"* и се здобива со титула **магистер на медицински науки од областа на здравствениот менаџмент**. На 5 март 2009 год. е вработен како помлад асистент за научното поле *фундаментални медицински науки* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Од мај 2010 год. е специјализант по патологија на Катедрата за патологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Кандидатот е учесник на голем број конгреси, семинари и работилници во земјава и во странство. Истот така е автор и коавтор на повеќе теми поврзани со медицината, хистопатологијата и здравствениот менаџмент.

Член е на Здружението на патолози на Р. Македонија, Лекарската комора на Р. Македонија и Македонското лекарско друштво.

Има одлично познавање на англиски јазик и компјутерски вештини.

***Научни трудови (автор и коавтор)***

1. Величкова Н., Камчев Н., Панова Г., Ивановска Б., Петрова Б., **Серафимов А**., Карцином на дојка во општина Кочани, XVIII Конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество, 15-18 јуни 2011, Охрид, Зборник на апстракти, стр. 101.
2. Velichkova N., Kamchev N., Petrova B., Panova G., Ivanovska B., **Serafimov A.,** Respiratory diseases on the human population who live near the mine of led – zinc “Sasa”, XVIII Congress of the doctors of Republic of Macedonia with international participation, Ohrid Hotel “Desaret” 15-18 June, 2001, Book of Abstracts p. 97.
3. **Серафимов А.,** ОД ЗДРАВСТВЕНА АДМИНИСТРАЦИЈА КОН ЗДРАВСТВЕН МЕНАЏМЕНТ, Прв конгрес на студенти од здравствени струки и здравствени работници, 22-25 април, Битола, 2010, Зборник на апстракти стр. 48.
4. **Серафимов А.,** Панова Г., СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ МЕНАЏМЕНТ, Прв конгрес на студенти од здравствени струки и здравствени работници, 22-25 април, Битола, 2010, Зборник на апстракти стр. 48.
5. Тодосиева К., **Серафимов А**., КОМУНИКАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО ПАЦИЕНТОТ ПРИ ПРОЦЕСОТ НА ЛЕКУВАЊЕ, Прв конгрес на студенти од здравствени струки и здравствени работници, 22-25 април, Битола, 2010, Зборник на апстракти стр. 50.
6. Тодосиева К., **Серафимов А**., Симеонова - Јовева Е., Маролова А., Петрова М., ПРЕВЕНЦИЈА НА КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ, 33. Интернационален медицински научен конгрес за студенти на медицина и млади доктори, 13-16 мај, Охрид, 2010, Зборник на апстракти, стр. 43.
7. **Serafimov A.,** Marolova A., Donchovska D., Velichkova N., Mishev M., THE ROLE OF EVIDENCE – BASED MEDICINE IN HEALTHCARE MANAGEMENT, 33rd International medical scientific congress for medical students and young doctors 13th - 16th May, Ohrid, 2010, Apstract Book, pp 25.
8. Velickova, N., **Serafimov, A.** Milev**,** M. THE ROLE OF ICT IN FAMILY MEDICINE, 33rd International medical scientific congress for medical students and young doctors, 13th - 16th May, Ohrid, 2010, Apstract Book, pp 24.
9. Серафимова Е., Серафимова К., **Серафимов А.,** ЦИПРОФЛОКСАЦИН ВО ЛЕКУВАЊЕ НА ГНОЈНИ ИНФЕКЦИИ НА КОЖАТА И МЕКИТЕ ТКИВА, IV Конгрес на дерматовенеролозите на Македонија со меѓународно учество, 23-26 декември, Охрид, 2009, Зборник на резимеа стр. 126.
10. Серафимова К., **Серафимов А.,** Серафимова Е., АЛЕРГИСКИ РЕАКЦИИ ОД УБОД НА ИНСЕКТИ ВО ОПШТИНА КОЧАНИ, IV Конгрес на дерматовенеролозите на Македонија со меѓународно учество, 23-26 декември, Охрид, 2009, Зборник на резимеа, стр. 138.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатот д-р Александар Серафимов ги исполнува сите законски критериуми за избор на асистент за наставно-научното поле/област фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатот д-р Александар Серафимов да се избере во звање асистент за наставно-научното поле/област фундаментални медицински науки (патологија) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**Д-р Горги Шуманов, претседател**
**Д-р.Никола Камчев, член**
**Д-р Никола Силјановски, Член**

## П Р И Л О Г 1

**Табела за вреднување на активностите на помл. асс. д-р Александар Серафимов според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно – образовна** | | | |
| 1. Вежби 2009/2010 г. | **36** | **0.2** | **7.2** |
| 2. Вежби 2010/2011 г. | **42** | **0.2** | **8.4** |
| **Научноистражувачка** | | | |
| 1. Одбранета магистерска работа | **1** | **4** | **4** |
| 2. Студиски престој во странство | **1** | **8** | **8** |
| **Стручно – апликативна дејност** | | | |
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјата и странство | | | |
| 1. Карцином на дојка во Општина Кочани, XVIII Конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество | **1** | **1** | **1** |
| 2. Respiratory diseases on the human population who live near the mine of led – zinc “Sasa”, XVIII Congress of the doctors of Republic of Macedonia with international participation | **1** | **1** | **1** |
| 3. Од здравствена администрација кон здравствен менаџмент, Прв конгрес на студенти од здравствени струки и здравствени работници, | **1** | **1** | **1** |
| 4. Социолошки аспекти на здравствениот менаџмент, Прв конгрес на студенти од здравствени струки и здравствени работници, | **1** | **1** | **1** |
| 5. Комуникација на здравствените работници при процесот на лекување, Прв конгрес на студенти од здравствени струки и здравствени работници, | **1** | **1** | **1** |
| 6. Превенција на колоректален карцином, 33ти интернационален медицински научен конгрес за студенти на медицина и млади доктори (усна презентација) | **1** | **1,5** | **1,5** |
| 7. The Role of Evidence – Based medicine in Healthcare Management, 33rd International medical scientific congress for medical students and young doctors | **1** | **1** | **1** |
| 8. The Role of ICT in Family Medicine, 33rd International medical scientific congress for medical students and young doctors | **1** | **1** | **1** |
| 9. Ципрофлоксацин во лекување на гнојни инфекции на кожата и меките ткива, 4ти Конгрес на дерматовенеролозите на Македонија со меѓународно учество, | **1** | **1** | **1** |
| 10. Алергиски реакции од убод на инсекти во општина Кочани, 4ти Конгрес на дерматовенеролозите на Македонија со меѓународно учество | **1** | **1** | **1** |
| **Вкупно (НО+НИ+СА)** | | | **38.1** |